**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот ДЗ од С, по одржаната расправа во согласност со членот 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 15.5.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот ДЗ од С, **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.8/24, по поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог, изготвил решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр.8/24 од 6.9.2024 година, кое поради неуспешни обиди за достава на ден 8.10.2024 година, извршил објава на решението на огласна табла во судот, истата ја симнал на ден 17.10.2024 година, при што нотарот без да чека да помине рок од 8 (осум) дена за поднесување на приговор од денот на извршената достава преку објава на огласна табла на судот, кој рок истекува на 24.10.2024 година, истиот на ден 17.10.2024 година ставил штембил за правосилност и извршност, со што постапил спротивно на член 73 став (2) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

2. Нотарот ДЗ од С, **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 21.5.2024 година, Солемнизирал - Потврдил приватна исправа – Договор за продажба на недвижен имот под ОДУ бр. 74/24 од 21.5.2024 година, но над потписот на нотарот рачно е напишано името и презимето на продавачот, но нема своерачен потпис на нотарската исправа, со што постапил спротивно на член 40 став (2) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

3. Нотарот ДЗ од С, виновен е за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметите ОДУ бр.172/24, ОДУ бр.3/23,

ОДУ бр.174/24, УЗП бр.24437/24 и УЗП бр. 25481/24, наплатените судски такси не ги уплатил истиот или најдоцна наредниот работен ден на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет на образец ПП - 50, со што постапил спротивно на член 158 од Законот за нотаријатот, членот 51 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и член 3 од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

4. За дисциплинските повреди опфатени со точка 1), 2) и 3) од диспозитивот на решението се изрекува единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

**Претседател на Советот,**
**Елена Милушева Сапунциева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
-Архивата на НКРСМ;
-По конечноста до Министерство за правда;